ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-81/8

Дата: 04.10.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Охрид (во натамошниот текст Основен суд) на сметката за основниот буџет (603) за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2015 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на приходи и расходи, како и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.
Издаден е извештај од извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- не се донесени пишани процедури со кои ќе се пропише приемот, одобрувањето, евидентирањето и плаќањето на финансиските документи;
- актот за организација и систематизација не е донесен во рокот утврден со новиот Закон за судска служба;
- коефициентот за утврдување на платата за претседателите на судските совети не е зголемен за коефициент 0,1;

- пописот на средствата и изворите на средствата не е извршен согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- постапката за запишување на правото на трајно користење на деловниот објект во кој е сместен Основниот суд сеуште е во тек;
- при приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар од магацинот се врши само количински, но не и вредносно евидентирање на истите, поради што не е извршено ни материјално ни сметководствено евидентирање на набавките;
- со Основното јавно обвинителство, како корисник на дел од површината на судската зграда, не е склучен договор за надоместување на трошоците за комунални услуги;
- при пресметување на платите на судската полиција, основицата за пресметка на додатокот за работно искуство ги вклучува и надоместоците за прекувремена и ноќна работа;
- за секоја испорака на гориво од страна на овластените лица на носителот на набавката и договорниот орган не се изработува записник за прием на горивото, со што би се потврдил квантитативниот и квалитативниот прием на истото.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет извршивме обелоденување на начинот и состојбата околу финансирањето на судската власт, потребата основниот суд правото на додаток на кариера да го уреди на начин определелен со Законот за административните службеници и прифатените корекции во текот на ревизијата, кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- невоедначеност на временскиот период за кој се пресметува додатокот за работно искуство при пресметката на платите на судиите и судската служба во судовите;
- не е донесен подзаконски акт со кој ќе се утврди содржината и формата на годишен план за обуки на судските службеници во судот и
- отсуство на конкретно законско решение за утврдување на платите на вработените во Основниот суд кои вршат технички и помошни работи.
- потреба од нормативно уредување на обврската за изработка и донесување на подзаконски акт со кој ќе се уреди висината на надоместокот за превод на писмен текст од македонски на странските јазици и обратно за потребите на судовите.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 19-21 заедно со ревизија на усогласеност на Основен суд Охрид на сметката за основен буџет (603), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на приходи и расходи, како и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Основен суд Охрид застапувано од:
- Милчо Клишески, претседател на Основен суд Охрид од 08.03.2012 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.05.2016 до 15.07.2016 година кај Основниот суд Охрид, на сметката на основниот буџет (603) за 2015 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, број 15-154/11 од 22.12.2011 година за Основен суд Охрид.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Основниот суд Охрид - предмет на ревизија.
Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-81/4 од 25.08.2016 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

**Процес на плаќање**

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање, со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, ревизијата ги утврди следните состојби:

- не е донесена пишана процедура со која ќе се пропише процесот на прием, одобрување, евидентирање и плаќање на финансиските документи и
- финансиската документација не е архивски заведена во деловодник за прием на документи, додека документите/записите за работа не се доставуваат со интерна доставна книга до лицето кое е задолжено за постапување по соодветниот документ.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик финансиските документи да не се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција.

Основниот суд има изготвено Внатрешна процедура за управување со движењето на судските предмети согласно која претседателот на судот треба да формира работно тело за вршење на внатрешна финансиска контрола чија основна цел ќе биде контролата на трошењето на јавните средства, нивната заштеда и успешност во работењето. Во таа насока, во текот на ревизијата претседателот на судот формира работно тело, со обврска да прави финансиска контрола еднаш на три месеци и да изготвува извештај за истата.

**Препорака**:
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за:
- изготвување на пишана процедура во која ќе се пропише приемот, одобрувањето, евидентирањето и плаќањето на финансиските документи за движењето на финансиската документација,
- финансиската документација да се заведува архивски во деловодник за прием на документи и да се доставува со интерна доставна книга до лицето кое е задолжено за постапување по соодветнот документ.

4.2. **Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Со извршениот увид во законската и подзаконската регулатива кои го уредуваат работењето на судовите, ревизијата ги констатира следните состојби:
- во март 2014 година донесен е нов Закон за судска служба[1] кој е во примена од 13.02.2015 година, согласно кој во член 142 е предидено дека актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, претседателот на судот треба да ги донесе по претходна согласност на Советот на судската служба, најдоцна 90 дена пред започнувањето на примената на новиот закон, односно до ноември 2014 година. Претседателот на Основниот суд актот за систематизација и организација го донел и за истиот добил согласност во месец април 2016 година, односно со задоцнување од 1 година и 5 месеци. По добиената согласност од страна на Советот за судска служба, овластеното лице во Основниот суд се уште нема изработено решенија за работа согласно новата систематизација;
- согласно член 81 од Законот за судска служба судскиот администратор врз основа на обуките од индивидуалните планови за стручно усовршување, подготвува годишен план за обуки на судските службеници во судот. Основниот суд нема донесено годишен план за обуки со образложение дека содржината и формата на годишниот план не е пропишана од страна на министерот за правда;

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 156/14, 33/15

- од страна на Судски буџетски совет донесено е упатство за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт во кој се дадени насоки и за начинот на евидентирање на пресметка и исплата на плати. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека во судот не е извршено евидентирање на задршките од плата на соодветните конта, иако за истите се врши задршка од плата и истите се исплаќаат на институциите.

Наведените состојби влијаат на навремено донесување на интерните акти за работењето на Основниот суд, нерегулирани права и обврски на вработените согласно новиот акт за систематизација како и неевидентирање на задршките од плата на вработените.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за:
- изработка на решенија за вработените во судската служба согласно новиот акт за систематизација и организација,
- изготвување на годишен план за обуки на судските службеници во соработка со надлежното министерство и
- евиденција на задршките од плата на вработените.

4.2.2. Согласно член 88 од Законот за судовите со годишниот распоред за работа на судиите се определуваат претседатели на судски совети. За претседателите на судските совети, согласно член 7 став 5 од Законот за платите на судиите, коефициентот за утврдување на нивната плата треба да се зголеми за 0,1.

Во Основниот суд со годишниот распоред за работа за 2015 година во граѓанскиот и кривичниот оддел се формирани четири совети. При тоа само за советот во кривичниот оддел формиран согласно член 25 став 5 од Законот за кривична постапка е назначен претседател на совет, за кој Основниот суд нема преземено активности за исплата на законски утврдениот коефициент. Останатите совети функционираат како совет од судии и за истите не е назначен претседател.

Ваквата состојба влијае пресметката на платите на судиите да не се врши согласно коефициентите утврдени со законската регулатива.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за назначување на претседатели на сите судски совети и во соработка со Судски буџетски совет да изврши пресметка и исплата на платата на судиите согласно законски утврдените коефициенти.

### 4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција поврзана со постојаните средства на Основниот суд и документацијата од извршениот попис на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31.12.2015 година, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- пописната комисија не извршила попис на земјиштето и градежниот објект на судот, не извршила проверка и потврдување на реалноста на искажаните обврски, како и не ја утврдила правната основа за постоење на истите. Во текот на ревизијата беше доставен преглед на доспеани обврски (по расходни конта) согласно кој 70% од обврските се со над 90 дена доспеаност;
- не е извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. Пописната комисија извршила физички попис на целокупниот инвентар на судот по локација/просторија во која се наоѓаат, како и попис на материјалите на залиха и изготвила пописни листи кои содржат количински, но не и вредносни показатели. Дел од основните средства не содржат инвентарни броеви, додека за дел од основните средства кои се искажани во материјалната евиденција не е извршен попис од страна на пописната комисија. За евидентираното земјиште не е воспоставена материјална евиденција;
- Основниот суд не извршил задолжување на вработените со документ/реверс за задолжување за опремата која ја користат;
- кон крајот на 2015 година со Одлука на Влада на РМ[2] на Основниот суд му е доделено патничко моторно возило, за кое не се преземени активности за утврдување на вредноста на возилото и негово евидентирање во сметководствената и материјалната евиденција на судот.

  Во текот на ревизијата судот достави Барање Су.број 03-204/16 од 20.06.2016 година до Бирото за судски вештачења за утврдување на вредноста на возилото, со цел негово евидентирање во сметководствената евиденција на судот.

Наведените состојби не се во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци на постојаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2015 година.

[2] Одлука на Влада на Република Македонија број 42-10909/1 од 10.11.2015 година

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд да преземе мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските согласно Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- при вршење на попис на обврските пописната комисија да изврши проверка и потврдување на реалноста на искажаните обврски и да ја утврди правната основа за постоење на истите, како и нивната старосна структура,
- означување на основните средства со инвентарни броеви, утврдување на нивната фактичка состојба и усогласување со сметководствената состојба,
- да продолжи со отпочнатите активности за утврдување на вредноста на основното средство и негово сметководствено евидентирање на соодветните позиции во Билансот на состојба,
- издавање на документ/реверс за задолжување на вработените со опремата која ја користат.

4.3.2. На позицијата Градежни објекти евидентирана е зграда во вкупен износ од 77.905 илјади денари, во која Основниот суд е сместен и ги извршува тековните активности. Од извршениот увид на имотниот лист, како доказ за сопственоста на објектот, ревизијата утврди дека извршено е запишување на правото на трајно користење на дел од зградата, односно на подрумските простории и приземјето, додека за останатите катови (прв, втор и трет) не е извршено запишување.

Истакнуваме дека Основниот суд во текот на 2011 година има отпочнато активности за запишување на правото на трајно користење на деловниот објект, која постапка е сеуште во тек. Исто така во текот на 2012 година од Државното правобранителство на РМ доставено е Известување[3] за начинот на уписот на објектот во сопственост на РМ.

Наведената состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Законот за катасатар на недвижности и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните средства во финансиските извештаи на Основниот суд.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд да продолжи со отпочнатите активности за запишување на правото на користење на имотот во Агенцијата за катастар на недвижности.

[3] Известување од Државно правобранителство на РМ примено во Основниот суд на ден 29.05.2012

4.3.3. Основниот суд на позицијата Материјални добра и природни богатства во Билансот на состојба има евидентирано земјиште во износ од 16.390 илјади денари. Согласно член 28 став 6 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници Основниот суд на крајот од пресметковниот период треба да изврши ревалоризација на земјиштето како разлика меѓу вредноста на земјиштето според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на единицата за локална самоуправа во која се наоѓа земјиштето и неговата сметководствена вредност.

На ревизијата не и беше доставен на увид доказ/документ за просечните пазарни цени утврдени од страна на наведената комисија во општина Охрид, согласно кој се извршило усогласување/ревалоризација на вредноста на евидентираното земјиште на ден 31.12.2015 година. Ваквата состојба има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци на постојаните средства во финансиските извештаи на Основниот суд.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности да се изврши усогласување на сметководствената вредност на земјиштето на крајот на годината со просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од страна на единицата за локална самоуправа во која се наоѓа земјиштето и евидентирање на утврдените разлики.

4.3.4. Од извршениот увид во евидентирањето на набавките и издавањето на материјалите, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- од страна на референтот – економ, како одговорно лице за магацинот, се води модул за магацинско работење во рамките на програмот за материјално и финансиско работење. Од извршениот увид во начинот на внесување на податоците во модулот, констатиравме дека:
    - при приемот и издавањето на материјалите од магацинот се врши само количински, но не и вредносно евидентирање на истите, поради што не е извршено ни материјално ни сметководствено евидентирање на набавките;
    - не се води евиденција на извршените набавки на екстра лесно масло за греење ниту за тонери, поради што постои ризик Основниот суд да нема точен податок за количините на стоката кои ги поседува;
- при издавањето на материјалите на вработените не се изработува документ – требување, односно воспоставена пракса е подигањето на артиклите од магацинот вработените да го потврдуваат со свој потпис во уписник кој се води од страна на економот.

Горенаведените состојби не се во согласност со член 6 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и истите не овозможуваат реално и објективно искажување на залихите на материјалите во финансиските извештаи на Основниот суд.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за количинско и вредносно евидентирање на извршените набавки на материјалите, односно воспоставување на целосна материјална и финансиска евиденција.

4.3.5. Согласно член 117 од Судскиот деловник со судската зграда управува претседателот на судот. Ако во иста зграда се сместени суд, друг орган и правни лица, со зградата управува претседателот на судот и трошоците за користење на зградата сразмерно ги сносат корисниците во зависност од површината која што ја користат.

Во зградата покрај Основниот суд се сместени и Државното правобранителство на РМ и Основното јавно обвинителство. Од страна на Основниот суд во текот на 2013 година преземени се активности и склучен е договор со Државното правобранителство за надоместување на трошоците за комунални услуги за регулирање на меѓусебните права и обврски за заедничкото користење на зградата и поделба на трошоците. Согласно одредбите од договорот судот изготвува фактури за направените трошоци и ги доставува за наплата.

До денот на ревизијата не е склучен договор со Основното јавно обвинителство Охрид поради што Основниот суд ги плаќа во целост трошоците за набавка на масло за греење, електрична енергија, комунална хигиена и други трошоци за користење и одржување на зградата.

Ваквата состојба влијае основниот суд да врши плаќање на трошоци за комунални услуги кои не се за потребите на работењето на Основниот суд.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за склучување на договор со Основното јавно обвинителство за регулирање на меѓусебните права и обврски за заедничкото користење на зградата и соодветна распределба на трошоците.

4.3.6. Пресметката на платите во Основниот суд се врши во систем/модул за пресметка на плата воспоставен од страна на Судски буџетски совет за сите единки корисници на Судската власт.

Со извршениот увид во начинот на пресметка на платата за судската полиција ревизијата утврди дека основицата за пресметка на додатокот за работно искуство ги вклучува и надоместоците за прекувремена и ноќна работа. Имајќи го во предвид фактот дека платата на припадниците на судската полиција се состои од основна и исклучителна компонента, овие надоместоци

кои се дел од исклучителната компонента не треба да бидат дел од основицата за пресметка на додатокот за работно искуство. Ваквата состојба не е во согласно член 128 став 4 од Законот за судска служба и влијае врз реалноста и објективноста на расходите за плата за судската полиција.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за известување на Судски буџетски совет за измени и дополнување на модулот за пресметка на плата со цел отстранување на наведените состојби и нивно прилагодување на законските прописи.

4.3.7. Основниот суд има склучено договор за вршење прием и достава на судски писма и други поштенски пратки со кој се регулирани меѓусебните права и обврски за вршење на поштенските услуги. Од извршениот увид на финансиската документација согласно која судот има извршено исплата на средства за писмоносни услуги, ревизијата ја утврди следнава состојба:

- во текот на 2015 година Основниот суд врши исплата на фактурите за писмоносни услуги за 2014 година како заостанат долг, без при тоа истите да содржат извештај за извршените услуги како прилог кон фактурите, согласно кој ќе може да се потврди видот на испорака и износот на поштарината. Дел од фактурите за 2015 година содржат прилози за испорачаните услуги;
- согласно член 6 од договорот, договорните страни треба да формираат заеднички комисии кои еднаш месечно ќе ги разгледуваат и записнички ќе ги констатираат неуредните достави на судски писма како и причините за неуредна достава. До денот на ревизијата не е формирана таква комисија. Имено, во судот за писмата кои не се доставени/вратени како неуредна пошта се води посебна книга во писарницата и за тие писма како воспоставена пракса два пати во годината се доставува податок до сметководство за намалување на износот на доставените фактури. На ревизијата не и беше презентиран доказ дека е извршено намалување на фактурите.

Ваквите состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае врз реалноста и објективноста на искажаните расходи за писмоносни услуги во Билансот на приходи и расходи и на искажаните обврски во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности:

- внесувањето на податоците во деловните книги да се врши врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи,

- доставените фактури да содржат прилог за реализираните поштенски услуги,
- да се формира комисија која еднаш месечно ќе ги разгледува и записнички ќе ги констатира неуредните достави на судски писма, согласно кој ќе се изврши намалување на месечната фактура.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Со извршената ревизија на спроведените постапки за јавни набавки во 2014 и 2015 година, кои ги опфати во целост, ги констатиравме следните состојби:

- годишниот план за јавни набавки за 2014 и 2015 година не е архивски заведен;
- во 2015 година не е назначено лице за вршење на работите од областа на јавните набавки, предвидено со член 29-а од Законот за јавни набавки. Во текот на ревизијата, од страна на Претседателот на судот назначено е лице за спроведување на јавните набавки;
- при спроведувањето на постапките комисијата за јавни набавки не користи урнек извештај за спроведена постапка утврден со Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка[4]. Имено во изготвените извештаи недостасуваат податоци дека комисијата ја ценела способноста на избраниот економски оператор, како и не содржи предлогот за избор на најповолна понуда до одговорното лице на субјектот, иако истите се во прилог на досието за јавни набавки;
- во постапката за набавка на печатен материјал и пликови во износ од 257 илјади денари, договорниот орган не обезбедил согласност од Советот за јавни набавки за поедноставената тендерска документација, пред објавата на огласот за јавна набавка, што не е во согласнот со член 36- а од Законот за јавните набавки.

  Во останатите спроведени постапки комисијата за јавни набавки ја обезбедила потребната согласност;
- од извршениот увид во постапката за набавка на екстра лесно масло за греење ЕЛ-1 за грејната сезона 2014/2015, ревизијата ја констатира следнава состојба:
  - во делот 3 од тендерската документација, кој се однесува на начинот на испорака/извршување на услугата предвидена е обврска носителот на набавката, предметот на договорот да го испорача со цистерни опремени со баждарени волуметри, кои се верифицирани од Бирото за метеорологија. Истата одредба договорниот орган ја внесува и во договорот кој го склучува со избраниот економски оператор.

[4] Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка, „Службен весник на Република Македонија“ број 36/08 и 155/10

Ревизијата смета дека вака изготвената тендерска документација:

- не создава обврска за избраниот економски оператор да достави документи врз основа на кои комисијата за јавна набавка ќе ја утврди неговата техничка способност за предметната набавка и
- била причина избраниот прворангиран економски оператор да се откаже од доставената понуда поради непоседување на цистерни опремени со баждарени волуметри кои се верифицирани од Бирото за метеорологија;

- во текот на 2015 година второрангираниот економски оператор испорачал вкупно 27.700 литри екстра лесно масло за греење ЕЛ -1 од кои 7.700 литри со цистерна за која Основниот суд немаше потврда дека е опремена со баждарени волуметри. За доставената количина од 7.700 литри, во текот на ревизијата доставен е записник од Бирото за метеорологија кој е со подоцнежен датум од денот на последната испорака на вкупната количина на гориво и која гласи на друго правно лице;
- на крајот на секоја испорака на гориво од страна на овластените лица на носителот на набавката и договорниот орган не се изработува записник за прием на горивото, со што би се потврдил квантитативниот и квалитативниот прием на истото, односно се потпишува испратница за испорачаната количина на гориво;
- по завршувањето на електронската аукција економскиот оператор извршил намалување на цената по литар екстра лесно масло за греење на денот на доставувањето на понудата, која е утврдена во вредност од 5,015 денари и истата како рабат е внесена во склучениот договор за јавна набавка. Постапувајќи на овој начин договорниот орган:
  - не врши пропорционално намалување на почетната цена и цената добиена по спроведената електронската аукција по утврден коефициент кој во овој случај е 0,9007 и кој ќе се применува на цената на регулаторната комисија за соодветното гориво на денот на испораката, иако без примена на наведениот начин на пресметка постигната е пониска цена за литар гориво;
  - намалувањето на цената на литар екстра лесно масло за греење во износ од 5 денари по литар гориво е над износот утврден со одлука од страна на Регулаторната комисија за енергетика согласно која претпријатијата што вршат промет со нафтени деривати според четвртата последна група на цени може да извршат намалуваат цените по литар гориво најмногу за 1,5 денар.

Ваквиот начин на постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка необезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите при набавките, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки, како и почитување на одредбите од склучените договори.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3. и 4.4. се однесуваат на состојбите за извршениот попис на средствата и изворите на средства, приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар од магацинот, регулирање на надоместокот на трошоците за комунални услуги, пресметување на платите на судската полиција, испораката на горивото за греење, постапувањето во делот на јавните набавки, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основниот суд Охрид на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основниот суд Охрид, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[5] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт". Постапката за изготвување, утврдување и извршување на Судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[6].

Од извршената анализа на искажаните обврски спрема добавувачи во земјата, трошоци од групата Стоки и услуги, како и одобрениот буџет на судот за 2015 година, ревизијата смета дека треба да обелодени дека Основниот суд тековната 2015 година ја започнува со неподмирени обврски во вкупен износ од 14.302 илјади денари. Вкупно одобрениот буџет за 2015 година за групата Стоки и услуги изнесува 7.613 илјади денари што е за 53% помалку од потребните средства за подмирување на обврските од минати години. Во текот на 2015 година судот има преземено нови обврски за тековното работење, во износ од 3.443 илјади денари и на крајот на 31.12.2015 година има искажано вкупно неподмирени обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 9.442 илјади денари.

6.2. Со решенија донесени од страна на претседателот на основниот суд, дел од вработените се стекнуваат со степен на кариера "А", а со тоа и со право на исплата на додаток на плата за кариера, почнувајќи од 11.02.2015 година, согласно стариот закон за судска служба. Согласно донесената Одлука од Судскиот буџетски совет, исплатата на додатокот на плата за кариера на судските службеници започнува со платата за месец август 2015 одина.

До денот на известување од извршената ревизија на вработените во судската служба сеуште им се исплатува наведениот додаток во висина од 5% од додатокот за звање на судскиот службеник, како посебен додаток на плата.

Имено, со одредбите на Законот за административни службеници е уредено дека ........"*државниот службеник кој до денот на влегување во сила на овој закон му се исплаќа додаток за степен на кариера согласно со Законот за државните службеници, износот на додатокот за степен на кариера ќе му биде пресметан како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток во делот на плата за соодветното ниво*"......... Имајќи во предвид дека со овој закон се опфатени и административните службеници во судството и во услови кога со посебни закони не се уредени одделни прашања кои се однесуваат на нивниот работен однос како што е и додатокот за кариера, во насока на надминување на наведената состојба ревизијата укажува на потребата основниот суд правото на додаток на кариера да го уреди на начин определелен со Законот за

[5] „Службен весник на Република Македонија" број 58/06, 62/06, 35/08 и 150/10
[6] „Службен весник на Република Македонија" 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

административните службеници.

6.3. Во текот на ревизијата презентиран е Налог за книжење број ПС-2 од 13.07.2016 година со кој е извршена корекција на позицијата – Активни временски разграничувања и Обврски спрема добавувачи за износ од 611 илјади денари. Со извршената корекција намалени се соодветните позиции во Билансот на состојба поради тоа што искажаната состојба на ден 31.12 содржи обврски кои во текот на 2015 година се платени и подмирени од сметката на основен буџет 631.

## 7. Останати прашања

7.1. Со извршениот увид во законската регулатива која го регулира работењето на судовите и начинот на пресметка на платата на судиите, вработените во судската служба и судската полиција, ревизијата смета дека треба да се нагласат следните состојби:

- постои невоедначеност на временскиот период за кој се пресметува додатокот за работно искуство. Истиот согласно Законот за платите на судиите се пресметува за секоја започната година на работен стаж, додека согласно Законот за судската служба е пропишано дека истиот се пресметува за секоја навршена година работен стаж, во двата случаи најмногу до 20%;
- министерот за правда во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за судска служба треба да донесе подзаконски акт со кој ќе се пропише содржината и формата на годишниот план за обуки на судските службеници во судовите. До денот на ревизијата истиот не е донесен.

За надминување на наведените состојби ревизија смета за потребно надлежните институции да преземат активности за воедначување на временскиот период за кој се пресметува додатокот за работно искуство, како и донесување на горенаведениот подзаконски акт.

7.2. Судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција, дефинирано со член 100 од Законот за судовите и член 2 од Законот за судска служба[7]. Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи предвидено со членот 3 став 2 од Законот за судска служба. Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор согласно член 109 од Законот за судовите. Системот на плата и надоместоци на судските службеници е утврден

[7] „Службен весник на Република Македонија“бр.43/14, 156/14 и 33/15

со одредбите на Законот за судска служба. Согласно член 78 од новиот Закон за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија вработени лица.

Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени. За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи.

7.3. Со извршената анализа на одредбите од законските решенија со кои се уредува потребата и начинот на ангажирање на овластените судски преведувачи, утврдивме дека во постојната законска регулатива отсуствува нормативно уредување на обврската за изработка и донесување на подзаконски акт со кој ќе се уреди висината на надоместокот односно цената за превод на писмен текст од македонски на странските јазици и обратно. Воспоставена пракса е при ангажирање на преведувачите цената за преводот да се исплаќа согласно индивидуални трошковници кои ги доставуваат одделните преведувачи. Ваквата состојба може да придонесе различен начин на пресметка и исплата на надоместоците за извршената услуга од страна на ангажираните преведувачи. Заради надминување на состојбата, ревизија смета за потребно Министерството за правда и судовите да ја преиспитаат можноста за правно регулирање на оваа област.

**Основен суд Охрид**
**Сметка на основен буџет (603)**
БИЛАНС ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 55.716 | 55.605 |
| **Вкупно приходи** | | **55.716** | **55.605** |
| **Расходи** | **3.2.** | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.1.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1.1 | 48.011 | 47.306 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2 | 7.557 | 8.045 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.3 | 148 | 254 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **55.716** | **55.605** |
| **Вкупно расходи** | | **55.716** | **55.605** |

**Основен суд Охрид**
**Сметка на основен буџет (603)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло -жение** | **2015** | **2014** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 13.366 | 18.325 |
| Залихи | 4.1.2. | 117 | 117 |
| **Вкупно тековни средства** | | **13.483** | **18.442** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 16.390 | 16.390 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 80.509 | 83.284 |
| **Вкупно постојани средства** | | **96.899** | **99.674** |
| **Вкупна актива** | | **110.382** | **118.116** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 9.442 | 14.302 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 5 | 2 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 3.919 | 4.021 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **13.366** | **18.325** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 97.016 | 99.791 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **97.016** | **99.791** |
| **Вкупна пасива** | | **110.382** | **118.116** |

**Основен суд Охрид**
**Сметка на основен буџет (603)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2015 година** | **99.686** | **117** | **99.803** |
| **Зголемување по основ на:** | **10** | - | **10** |
| Набавки | 10 | - | **10** |
| **Намалување по основ на:** | **2.797** | - | **2.797** |
| Амортизација | 2.797 | | **2.797** |
| **Состојба 31.12.2015 година** | **96.899** | **117** | **97.016** |